**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 505/5**

**Скопје, 27.11. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Битола за 2007 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Битола за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од:
- Владимир Талески, градоначалник на Општина Битола во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 17.06.2008 до 04.07.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

При оценка на системот на интерни контроли, кај процесите на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме дека кај повеќето од овие процеси ризикот од нецелосно и неточно утврдување на приходите е низок, што е разултат од една страна на дефинираните и разграничени контролни постапки и надлежности и одговорности на вработените во даночното одделение и во другите служби на општинската администрација чие работење е функционално поврзано со утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и надоместоците и од друга страна постоење на пишани процедури за текот на документацијата.
Ревизијата изврши испитување на системот на интерните контроли утврдувајќи ги ризиците и клучните контроли кај следните процеси: процесот на данокот на имот, данокот на промет на недвижен имот, наследство и подарок, комуналните такси - за истакнување фирма, за привремен престој, за користење простор пред деловна просторија, надоместокот за уредување на градежно земјиште и закупнини.

10.1.1. Процес на утврдување и наплата на данокот на имот

- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи како база за воспоставување регистар на недвижен имот не се целосно ажурирани. Во 2007 година се преземени активности за ажурирање на регистарот преку повторно вреднување на постојните податоци за недвижниот имот и внес на нови даночни обврзници, меѓутоа, овој процес се уште не е завршен;
- не се врши усогласување на податоците во регистарот на недвижен имот на Општината со податоците на Државниот завод за геодетски работи, што претставува законска обврска на Општината. Неусогласувањето се објаснува со неквалитетни и нецелосни податоци на Државниот завод за геодетски работи, меѓутоа, се одразува на комплетноста на податоците во Општината;
- за ненавремено плаќање на даночниот долг се испраќаат опомени до даночните обврзници, меѓутоа во пракса не се применува наплатата на пристигнатиот даночен долг по присилен пат.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, како и непреземањето на сите законските мерки за наплата на даночниот долг, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на Општината.

10.1.2. Процес на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок.

Пресметувањето на пазарната вредност на земјиштето во Општина Битола се врши врз основа на цени на земјоделско и градежно неизградено земјиште кои не се утврдени од страна на Советот на Општина Битола како надлежен орган за утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, што не е во согласност со одредбите на Законот за локална самоуправа. Цените на градежното земјиште се утврдени од страна на Комисијата за утврдување пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола во 2005 година, а за земјоделското земјиште се користат вредности на земјиштето по катастарски општини од Управата за јавни приходи, кои не се авторизирани. При тоа, градежното земјиште е поделно на 17 зони, кои во одделни зони се воопштени и не се доволно прецизирани, што може да придонесе за субјективизам при примената и нетранспарентност .
Утврдено е постоење на ризик од неточно пресметување на даночната обврска за данокот на промет на недвижности, наследство и подарок, поради невоспоставени контроли на пресметките, што може да предизвика помалку остварени приходи во Буџетот на Општината.
Во текот на ревизијата, Советот на Општина Битола донесе Одлука за цената на земјиштето, и воспоставена е контрола на пресметките на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок.

10.1.3. Комунална такса за привремен престој

Во процесот на утврдување и наплата на комуналната такса за привремен престој поради воспоставените интерни контроли ризикот е оценет како низок и е обезбедена точна пресметка и комплетна наплата на приходот по овој основ. Основот за пресметка на висината на комуналната такса за привремен престој е во согласност со Законот за таксата за привремен престој. Истовремено, ревизијата го утврди следното:
- воспоставен е регистар на обврзници по овој основ,
- постои доказ за извршена пресметка на висината на таксата и нејзина контрола,
- постои евиденција на задолжувањата во даночното одделение.

10.1.4. Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија.

Воспоставени се разграничени надлежности во утврдувањето на надоместоците по основ на комунална такса за истакнување на фирма, меѓутоа, сеуште, постои ризик од некомплетна наплата на овој даночен приход поради тоа што:
- регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2007 година не е целосно усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, и
- не се преземени мерки за присилна наплата на ненаплатените побарувања за кои рокот за плаќање е поминат.

10.1.5. Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност

Ризикот од неточна пресметка и некомплетна наплата на приходот по овој основ е оценет како низок поради воспоставените интерни контроли. Основот за пресметка на висината на комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност е во согласност со Законот за комуналните такси и Одлуката за утврдување и наплата на комуналните такси во Општина Битола, донесена од страна на Советот на општината.

Истовремено, утврдено е дека:
- воспоставен е регистар на обврзници по овој основ,
- постои доказ за извршена пресметка на висината на таксата и нејзина контрола,
- постои евиденција на склучените договори.

10.1.6. Надоместок за уредување на градежно земјиште

Ризикот од неточна пресметка и некомплетна наплата на приходот од Надоместок за уредување на градежно земјиште е оценет како низок поради воспоствените интерни контроли во овој процес.
Основот за пресметка на висината на надоместокот е во согласност со Законот за градежно земјиште и Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2007 година, донесена од страна на Советот на општината. Истовремено, утврдено е дека:
- постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите по овој основ;
- постои доказ за извршена пресметка на висината на надоместокот и нејзина контрола;
- одобрението за градење е издадено по извршеното плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште;

**Препорака:**
Даночното одделение во општина Битола:
- да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ на данок на имот во целост;
- да изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија;

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Градоначалникот на Општина Битола нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Неназначувањето одговорен сметководител создава ризик од неоткривање на грешки во трансакциите, а со тоа и неточно изготвени финансиски извештаи.
Во месец август 2008 година преку Агенцијата за државни службеници објавен е јавен оглас за доекипирање на општинската администрација, а помеѓу објавените места е и работното место советник одговорен сметководител.

10.2.2. Издавање на деловните објекти сопственост на Општината по донесување на Правилникот за условите на стопанисување и начинот за продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола во септември 2007 година, се врши во согласност со одредбите на Правилникот (јавно наддавање), меѓутоа, дел од деловниот простор на Општина Битола пред донасувење на Правилникот е издаден под закуп со постапка на прибирање понуди, што не е во согласност со Законот и Статутот на Општината. Издавање под закуп со прибирање на понуди, може да резултира со пониски закупнини, а со тоа и помалку остварени приходи во буџетот.

Комисијата за утврдување на недвижниот имот на Општина Битола при дефинирањето на севкупниот недвижен имот, има утврдено дека во дел од деловниот простор и просториите на месните заедници има закупци со кои нема склучено договори за закуп, што влијае на помалку остварени приходи на општина Битола.
Во периодот од 2002 до 2007 година Општината има издадено под закуп микролокации за рекламни паноа, без спроведена постапка за јавно наддавање, што создава можност за фаворизирање на одредени фирми и остварување на помалку приходи.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Битола по истекот на рокот за издавање на деловниот простор, микролокациите за рекламни паноа, како и за деловниот простор за кој не се склучени договори, да обезбеди спроведување на постапката во согласност со актите на Општината и Закон.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на приходи и расходи**

10.3.1 Во текот на 2007 година дел од наплатата на приходите, односно плаќањето на расходите на Општина Битола во износ од 25,276 илјади денари е извршено преку компензации кои не се реализирани преку платниот промет на трезорскиот систем што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Согласно буџетското начело за парично искажување на приходите и расходите, поради неевидентиран прилив и одлив на парични средства на сметката на Буџетот на Општината, овие плаќања не се искажани во Билансот на приходи и расходи, што влијае приходите и расходите реално да се искажани во помал износ.
**Препорака:**
Плаќањата извршени преку компензации, цесии и слично задолжително да се реализираат преку платниот промет на трезорскиот систем.

11. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на побарувањата во Билансот на состојбата за 32,503 илјади денари, со истовремено зголемување на пасивните временски разграничувања за истиот износ.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2.2. и 10.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Битола под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Битола.

**Скопје 14.11.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 193,819 | 129,256 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 12,643 | 6,818 |
| Капитални приходи | 3.3. | 2,392 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 81,849 | 65,549 |
| **Вкупно приходи** | | **290,703** | **201,623** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 35,065 | 29,563 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 65 | 150 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 87,070 | 84,997 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 10,296 | 8,471 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 507 | 538 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **133,003** | **123,719** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 81,647 | 71,337 |
| **Вкупно расходи** | | **214,650** | **195,056** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **76,053** | **6,567** |

Образложенијата на страните од 8 до 16 се составен дел на финансиските извештаи

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 76,053 | 6,567 |
| Побарувања | 4.1.2. | 105,466 | 102,992 |
| **Вкупно тековни средства** | | **181,519** | **109,559** |
| **Вкупна актива** | | **181,519** | **109,559** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 181,519 | 109,559 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **181,519** | **109,559** |
| **Вкупна пасива** | | **181,519** | **109,559** |

Образложенијата на страните од 8 до 16 се составен дел на финансиските извештаи


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*